**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА

## ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО 2018-2023

Во Акцискиот план за спроведување на Истанбулската Конвенција 2018-2023, за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) се предвидени активности во „Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство" и тоа: таа е наведена како носителка на реализацијата на активноста „Спроведување обуки на претставници на Совет за етика - СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН", а како партнерка за активноста „Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми родсво-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги".

Во Оперативниот план на АВМУ за реализирање на АП за Истанбулската конвенција за 2020 година, за конкретната активност која е во надлежност на АВМУ, се посочени индикаторите, соработниците при исполнувањето на обврската, временската рамка за реализирање и изворите на финансирање.

| Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорна институција/организација** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Спроведување обука за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родовобазирано насилство за претставници на Совет за етика во медиумите (СЕММ) и АВМУ** | **Носител**: АВМУ- Сектор за програмски работи-Одделение за човекови права и медиумска писменост<br>Во соработка со: СЕММ и Совет на Европа | Број на обучени претставници на СЕММ и АВМУ | Активноста е предвидено да се реализира во периодот помеѓу мај и ноември 2020 | Средства од проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС 2)", што заеднички го спроведуваат Европската Унија и Советот на Европа |